У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕТРОЛОГИЈАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за метрологијата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2026 година.

Бр. 08-5464/1 Претседател на Република
3 септември 2026 година Северна Македонија,
Скопје **Гордана Силјановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕТРОЛОГИЈАТА

Член 1

Во Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ број 55/2002, 84/2007, 120/2009, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21, 147/24 и 156/25), членот 4 се менува и гласи:

„За вршење на стручните и другите работи во областа на метрологијата утврдени со овој и со други закони се основа Биро за метрологија (во натамошниот текст: Биро), како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Бирото има својство на правно лице.

Со Бирото раководи директор.

Директорот на Бирото го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

За именување на директор на Бирото се спроведува постапка согласно со Законот за високи раководители.

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за високи раководители.

Мандатот на директорот трае пет години.“.

Член 2

Членот 4-а се менува и гласи:

„На директорот на Бирото мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон, согласно со Законот за високи раководители.

Директорот на Бирото, освен во случаите од ставот 1 на овој член, се разрешува пред истекот на мандатот, ако:

1. биде избран или именуван на друга јавна функција што е неспојлива со вршењето на функцијата директор на Бирото и

2. два последователни годишни извештаи за реализација на Годишната програма за одржување и развој на метролошкиот систем се оценети негативно од министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, рударството и минералните суровини.“.

Член 3

Директорот именуван до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

3314.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT TË METROLOGJISË

Neni 1

Në Ligjin për metrologjinë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 55/2002, 84/2007, 120/2009, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 dhe 64/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ numër 215/21, 147/24 dhe 156/25), neni 4 ndryshohet si vijon:

„Për kryerjen e punëve profesionale dhe punëve të tjera në fushën e metrologjisë të përcaktuara me këtë dhe me ligje të tjera themelohet Byroja e Metrologjisë (në tekstin e mëtejmë: Byroja), si organ në përbërje të Ministrisë së Energjetikës, Minierave dhe Burimeve Minerale.

Byroja ka cilësinë e personit juridik.

Me Byronë udhëheq drejtori.

Drejtorin e Byrosë e emëron dhe e shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, me propozim të ministrit të Energjetikës, Minierave dhe Burimeve Minerale.

Për emërimin e drejtorit të Byrosë zhvillohet procedurë në përputhje me Ligjin për drejtuesit e lartë.

Për drejtor mund të emërohet personi që plotëson kushtet e përcaktuara në Ligjin për drejtuesit e lartë.

Mandati i drejtorit zgjat pesë vjet.“.

Neni 2

Neni 4-a ndryshohet si vijon:

„Drejtorit të Byrosë mandati i ndërpritet me skadimin e mandatit, ndërsa para skadimit të mandatit shkarkohet dhe mandati i ndërpritet sipas fuqisë ligjore në pajtim me Ligjin e Udhëheqësve të Lartë. Drejtori i Byrosë, përveç në rastet nga paragrafi 1 i këtij neni, shkarkohet para skadimit të mandatit, nëse:

1. zgjidhet ose emërohet në funksion tjetër publik që është i papajtueshëm me ushtrimin e funksionit drejtor i Byrosë dhe
2. dy raporte vjetore të njëpasnjëshme për realizimin e Programit vjetor për mirëmbajtjen dhe zhvillimin e sistemit metrologjik vlerësohen negativisht nga ministri përgjegjës për punët nga fusha e energjetikës, minierave dhe burimeve minerale.“.

Neni 3

Drejtori i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon të kryejë funksionin deri në kalimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga botimi në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ndërkaq do të fillojë të zbatohet nga 1 tetori i vitit 2026.
